ЈП Водовод и канализација - Скопје
NP Ujësjellësi dhe kanalizimi - Shkup

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDERMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-5358/17
Дата, Data 24.12.2025
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 10 и член 45 став 1 и 2 од Законот за административни службеници *(Службен Весник на РСМ бр.27/2014, 199/2014,48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18, и службен весник на РСМ БР.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24)*, Предлогот за вработување на кандидат бр.10-1807/14 од 11.12.2025 год. по Јавен оглас 802/2025, в.д. Директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје донесува

**ОДЛУКА**
**за избор за вработување на административен службеник**
**по јавен оглас бр. 802/2025**

1. Се врши избор за вработување на административен службеник по јавен оглас бр.802/2025 во ЈП Водовод и канализација Скопје:

   - За работно место **Соработник - Офицер за заштита на лични податоци КДР0102В03036, ниво В03**, 1 (еден) извршител, се врши избор за вработување на административен службеник со идентификациски код **F25DAAF** и се избира кандидатот **Љубомир Софрониевски.**

2. Одлуката за избор ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на интернет страницата и на огласната табла на Агенција за администрација.

3. Именуваниот ќе биде вработен на неопределено време и распореден на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе и решение за вработување на административен службеник.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

***Образложение***

Директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје врз основа на Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување за 2025 година број 0302-6198/3 од 16.12.2024 година, до Агенцијата за администрација поднесе барање за објавување на јавен оглас за вработување на 1 административен службеник.

Врз основа на барањето, Агенцијата за администрација на својата интернет страна и во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха на ден 18.07.2025 година објави јавен оглас бр. 802/2025 година.

Со решение за формирање на комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр. 10-1807/5 од 05.08.2025 година и решение за измена на решението за комисија арх.бр.10-1807/11 од 24.11.2025 година, директорот на Агенцијата за администрација формира Комисија за селекција за вработување по јавен оглас.

Ул. Лазар Личеноски бр.9, 1000 Скопје
Тел: 02 3240 300; Контакт центар 02 3073 010;
kontakt@vodovod-skopje.com.mk
www.vodovod-skopje.com.mk

Се грижиме за животната средина и користиме рециклирана хартија
СЕКОГАШ НАЈДОБРОТО
за Скопје

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас согласно Законот за административни службеници изврши административна селекција и состави записник арх.бр. 10-1807/6 од 07.08.2025 година.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас согласно Законот за административни службеници спроведе испит за административен службеник и состави записник арх.бр. 10-1807/12 од 04.12.2025 година.

По спроведената проверка на веродостојноста на доказите и интервјуто и извршеното бодирање, Комисијата изготви Записник бр.10-1807/13 од 09.12.2025 година, Конечна ранг листа на кандидати од сите фази и Предлог за избор на кандидат за работно место од оглас бр.802/2025 година со бр.10-1807/14 од 11.12.2025 година.

Врз основа на Предлогот за вработување на кандидат, Директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје донесе одлука за избор како во диспозитивот.

***ПРАВНА ПОУКА****: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на интернет страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.*

Изготвил: Драган Панчевски
Контролирал: Убавка Бачева
Одобрил: Горан Михајлов

ЈП водовод и канализација Скопје
в.д. Директор,
М-р Иван Митровски

**Доставено до:**

- **Архива**
- **Именуваниот**
- **Сектор Човечки ресурси**
- **Агенција за администрација**